Бр./Nr 12-2834/3

03-05-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-2834/1 од 16.08.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК има постапувано по наводите од пријавата, за што е донесена одлука бр. 12-220/4 од 02.02.2022 година.

Предметот со број 12-2834 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2834/1 од 16.08.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата подносителот изразува незадоволство од донесена судска одлука по основ на имотно – правен спор. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

Со увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК утврди дека по истите наводи веќе има постапувано, за што е донесена Одлука бр. 12-220/4 од 02.02.2022 година.

Согласно горе наведеното, следуваше ДКСК да одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Ш. С.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**